# ТРЕТО ОТКРОВЕНИЕ - МАНИФЕСТАЦИЈА НА ЕДИНСТВО



МИЗАР

***Беше интересно да се доживее појавата на оној огромен бел плакат на кој пишуваше едноставно МИЗАР, на еден класичен скопски плакатен ѕид пред ЕСМ. Човек веќе се навикнал на оние разнобојни префинети компјутерски дизајни на плакатите и билбордите, па ова изгледаше некако многу едноставно. Ама, во една атмосфера на постојана непостојаност, убаво беше да се види дека нешто може и да трае. Можеше човек и некако детски да се чуди и да се радува на оној чуден плакат на кој, со некои издупчени букви, пишуваше „Мизар – Трето откровение”. Исто и на разлеаната црвена и црна на плакатот.***

***Музиката е чудна работа...***

***По концертот на Мизар останаа некои отворени прашања во врска со оваа група, па затоа поразговаравме со Горазд Чаповски и Горан Трајковски, првиот гитарист, вториот - вокал на Мизар, а инаку и двајцата автори на најголем дел од песните на Мизар. Во моментот кога го читате ова веќе е завршен концертот на Мизар во Загреб, можеби и концертот во Нови Сад. А којзнае што уште следи?***



**Премин: Што значи „Трето откровение”? Дали е тоа проект или Мизар повторно се формира како бенд?**

**Горан:** Повод беше еден вид јубилеј – дваесет години од формирањето на Мизар, од првата постава, и почетната идеја беше да се соберат што повеќе луѓе од тие дваесетина и нешто што членувале во Мизар, со гости, да се одбележи, да се прослават дваесет години од постоењето на таа група, којашто беше една од најзначајните групи во 80-тите години, којашто одигра пресудна улога не само на музички план туку на еден начин ја обележа и државноста на Македонија. Мизар беше прва група којашто објави албум на македонски јазик, во услови кога беше, искрено речено, многу тешко да се направи тоа.



Потоа се случуваа голем број искушенија, откажувања на луѓе, итн. На крајот, резултатот беше она што го видовме на 30 мај. Значи, имавме концерт – нели, ние не би го проценувале тоа, но сметаме дека публиката си го кажа своето.
‘Трето откровение’ е назначено затоа што Мизар се формира 1982 година, па потоа 85/6 треба да е второто откровение, и сега, симболично го нарековме ‘Трето откровение’, како еден вид враќање на Мизар на сцената. Идејата беше да се направи еден концерт и да се реиздадат двата единствени албуми коишто беа претходно направени, со опција да се сними уште еден албум или евентуално да се отсвири уште некој концерт и да се стави точка на сè. Тоа е, ете, во неколку реченици.

**Премин: Тоа е сè уште идејата или ќе има некакви промени, зашто и ти си во бенд којшто си функционира нормално (Анастасија) исто и ти во Кисмет?**

**Горазд:** Ги имаме ние бендовите. Нема да ги откачиме бендовите. Тоа си е нормално. Тоа си стои, да.

**Горан:** Тоа беше и главната идеја. Значи, се собираат луѓе коишто имаат отворени проекти, а прават еден заеднички чин, што од една страна е, нели, газење на сопствената суета и на она што претходно го направиле и го имаат и собирање на едно смирение за да се работи заедно, без разлика кој колку е голем и кој колку смета дека направил, и една храброст заеднички да се истапи во една ситуација кога, нели, во целава наша заедница имаме неслога, растуреност и...

**Горазд:** Караници, тепачки.

**Горан:** ... и неединство.



**Премин: Дали тој повод - '20 години Мизар' - е единствен, или пак поводот има врска со случувањата на македонската музичка сцена?**

**Горазд:** Не. Поводот беше 20 години. Да се направи еден концерт. Најбитно беше да покажеме едно единство, мислам, во време на едно морално паѓање на достоинството на луѓето во една држава.

**Премин: Дали сте задоволни досега од тоа што се случува, мислам, во поглед на идејата за собирањето?**

**Горазд:** Па, ние сме задоволни. Сакавме уште повеќе луѓе да бидат. Само, некои се откажаа.

**Горан:** Задоволни сме, затоа што и покрај тоа, и покрај откажувањето на луѓето, го завршивме, го заокруживме проектот. Направивме концерт којшто, ако меморијата ме служи добро, беше успешен и ни даде храброст и надеж барем уште малку да го продолжиме сето ова и да го одбележиме, се надеваме, со еден албум. Да сме живи и здрави.



**Премин: Дали за тоа има некакви разговори или тоа е само план, сега за сега, идеја?**

**Горазд:** Идеја.

**Горан:** Оставаме на спонтаност. Значи, да не се базира на план дека мора да се направи, туку како што овој концерт испадна спонтано – нели, планот беше едно, а крајниот резултат беше друго – така и за албумот оставаме времето да ни каже во каков состав ќе бидеме, со кои луѓе, како, колку нумери, какви ќе бидат, итн. Некои 'Мизар, Трето откровение', го нарекоа „супер група" – ете, им се допаѓа тој термин – но мислам дека најважното за Мизар е манифестацијата на толку ретката појава во македонското живеење која се вика единство. Она што на овој народ многу му недостига...

**Горазд:** Поготово сега.

**Горан:** ... во секоја сфера на живеење. Тоа не е во музиката, не само во уметноста - воопшто, во секоја пора на нешто што се вика живот во заедница.





**Премин:** Мизар е еден од бендовите којшто промовираше употреба не само на народни мотиви, мотиви од народна музика...

**Горазд:** И православна музика.

**Премин: Да, туку и мотиви од православната музика. Како се решивте на употреба на таа музика и како ја сфаќате употребата на тоа наследство?**

**Горан:** Зошто се повикуваме на нашето традиционално, класично наследство? Затоа што, гледајќи ја современата – ајде, да ја наречеме поп-музика – увидуваме дека, всушност, тоа е – денешната поп-музика и воопшто историски гледано од кај 40-тите, 50-тите години досега – надградба на британската...

**Горазд:** Традиционална.

**Горан:** ... традиционална музика...

**Горазд:** Црнечка.

**Горан:** ... и плус американската црнечка, фолк музика. А според тоа, зошто и ние не би имале право - не само право - зошто и ние не би се повикале на нешто што се вика наше наследство, и сето тоа да биде кажано со еден современ јазик, музички современ јазик, којшто ние го зборуваме денеска. Сиот клуч лежи во зборувањето на автентичен современ јазик, кој има свои корени во традицијата, поточно, во сопствената музичка традиција. А нема никаква друга тајна.

**Премин: Мислиш дека тоа е природно.**

Да. Сметаме дека е тоа единственото природно. Она што е како традиција да се усвои и да се користи како знаење, како една основа за дејствување во сегашноста, а со дејствувањето во сегашноста да се осветли и она што е во иднината. Минато, сегашност, пат кон иднината, тоа се трите работи.

Разговарал И. К.
фото: Мизар